# Политика за квалитет на Македонски Телеком АД - Скопје

Во едно променливо и високо конкурентно пазарно окружување, приватните и деловните корисници бараат сите услуги да им бидат на едно место, што им овозможува, во секое време и насекаде, постојан пристап до информации преку разни уреди и платформи. Македонски Телеком АД – Скопје ги следи глобалните трендови во бизнисот, па оттука квалитетот е еден од највисоките приоритети и важна цел на друштвото. Воспоставен е еден сеопфатен систем за управување со квалитет којшто се базира на принципите на Управување со севкупен квалитет, а неговото постојано подобрување е една од основните цели на друштвото.

## Наши вредности и цели

- Врвниот менаџмент на **Македонски Телеком АД – Скопје се стреми и се залага компанијата да биде високо ценета услужна компанија** и лидер на пазарот на конвергирани (фиксни и мобилни) и ИКТ услуги.
- **Разбирање и задоволување на потребите и барањата на корисниците преку обезбедување на висок квалитет и услуги со највисока вредност (дигитализирани и персонализирани) без оглед дали се користат во домот, на работа или во движење** за сите сегменти на корисници користејќи директни и индиректни канали на продажба и дистрибуција на услуги и со имплементирање на нови технологии согласно со најновите глобални стандарди.
- **Македонски Телеком АД – Скопје** се залага за создавање на култура на управување која е ориентирана кон квалитет преку тимска работа и зајакнување на **„Т" брендот**
- Со следење на барањата од стандардот ISO9001:2008, **Македонски Телеком АД – Скопје** во своето работење применува **приод за организација на процесите** со главен акцент на дефинирањето и спроведувањето на процесите кои се важни за подобрување на резултатите на компанијата, и постојаното добивање и користење на податоците од овие процеси при одлучувањето
- Сеопфатно се мери задоволството на корисниците и вработените, а резултатите се анализираат со цел да се подобри ефикасноста на нашето работење и ние ќе работиме на зголемување на квалитетот на нашите услуги
- Наша цел е развој на компетентни вработени преку соодветни обуки, што ќе им овозможи совесно и професионално да ги извршуваат нивните задачи, и идентификување со култура на **постојано подобрување**
- Креирање и одржување на взаемно корисни односи со нашите добавувачи и аутсорсирани компании

Скопје, јули 2015

Главен извршен директор
Андреас Маиерхофер

Главен оперативен директор
Жарко Луковски

Верзија 3
Македонски Телеком АД Скопје, сите права се заштитени